# Измени и дополнување на:
# УПАТСТВО ЗА АПЛИЦИРАЊЕ
## Јавен повик до граѓански организации за доделување грантови

**Програма:** „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање за граѓански организации"
**Проект:** „Транспарентност и отчетност на граѓанските организации" 18 11 ДФГ 203
**Референтен број:** 11-26/1-2020
**Датум на објава на повикот:** 24 февруари 2020
**Краен рок за аплицирање:** 31 март 2020г., до 16:00 часот

1. Ставот 3.2. Краен рок и начин на поднесување од Упатството за аплицирање за јавниот повик до граѓански организации за доделување на грантови, референтен број: 11-26/1-2020 се заменува со следниот текст:

**3.2. Краен рок и начин на поднесување**

Рокот за поднесување на апликацијата е **31 март 2020г**. најдоцна до 16:00 часот. Апликациите доставени по овој рок нема да бидат разгледувани. Апликациите заради новонастанатите околности поврзани пандемијата на вирусот Корона-19 и прогласување на вонредна состојба во државата, може да се доставуваат само по електронски пат.

Апликациите треба да бидат испратени на адресата fiv@mcms.mk со назнака: „Јавен повик за грантови 11-26/1-2020". Датумот и часот на пристигнување на електронската пошта ќе се смета за релевантен доказ за поднесување во зададениот рок. Апликациите пратени по електронска пошта мора да бидат испратени во една порака која во прилог ќе ги содржи следните документи:

- Пополнет формулар во Word документ;
- Скенирана верзија од Изјавата на апликантот која во себе ќе содржи име на правниот застапник; позиција на правниот застапник; потпис и печат (може и електронски печат и потпис); место и датум;
- Пополнет буџет во Excel документ;
- Копија од тековна состојба не постара од 6 месеци.

Апликантите кои ја испратиле апликација по електронска пошта ќе бидат известени за приемот на апликација со повратен одговор на нивната порака.

Скопје,
19.03.2020
11-26/3-2020

Програма за структура и поддршка на граѓанското општество и медиуми 2016-2017
Инструмент за претпристапна помош (ИПА)
Програма „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на ГО"
Финансирана од Европската Унија
Договор бр. ИПА/2017/393-196